

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
# BOOK OF ABSTRACTS

**I МАКЕДОНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА**
**ЗА ДЕТСКА И АДОЛЕСЦЕНТНА ПСИХИЈАТРИЈА**
**СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО**

***"РАЗВОЈНА ПСИХОПАТОЛОГИЈА - ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ"***

**I MACEDONIAN CONFERENCE**
**ON CHILD AND ADOLESCENT PSYCHIATRY**
**WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION**

***„DEVELOPMENTAL PSYCHOPATHOLOGY - CHALLENGES AND OPPORTUNITIES"***

**16-18 Октомври 2014**
**Охрид, Република Македонија**

**16-18 October 2014**
**Ohrid, Republic of Macedonia**

ГЕНЕРАЛЕН СПОНЗОР GENERAL SPONSOR

**П.Т5/2**

**ПСИХОЛОШКО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА АДОЛЕСЦЕНТИ КОИ ИМААТ РОДИТЕЛ СО ДИЈАГНОСТИЦИРАН РАК НА ДОЈКА**

**Гордана Ристевска-Димитровска, Домника Рајчановска, Изабела Филов**

*Висока медицинска школа Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, Битола, Република Македонија*

Вовед: Адолесцентите кои имаат родител кој боледува од тешка соматска болест имаат зголемен ризик за нарушено ментално здравје. Децата на болните од рак на дојка се најчесто испитувана група, веројатно заради високата преваленца на ракот на дојка. Во литературата постојат малку квантитативни истражувања за психолошкиот товар и начините на справување на адолесцентите кои имаат родител со рак.

Цел: Да се прикажат податоци од литературата за степенот на психолошки стрес и

целокупното психолошко функционирање на адолесцентите кои имаат родител болен од рак на дојка.

Материјали и метод: Беше изведена мета-анализа на 9 студии избрани преку пребарување на базата Pubmed со клучни зборови „psychological impact/anxiety/depression in adolescents of parents with breast cancer".

Резултати: Поголем дел од адолесцентите немаат значајна психопатологија. Во неколку студии, адолесцентите чии родители имаат рак на дојка имаат покачени резултати на психолошките скали. Најчестите симптоми кои се јавуваат во оваа група се анксиозност, депресија, психосоматски потешкотии, зависност од психотропни супстанци и социјално повлекување. Адолесцентните ќерки на мајките со рак на дојка се особено ризична група за развој на психопатологија. Во повеќе студии е нагласена важноста на преморбидното семејно функционирање, од што во голема мерка зависи појавата на симптоми кај адолесцентите.

Заклучок: Во семејствата каде мајките имаат рак на дојка, значаен дел од адолесцентите имаат психолошки проблеми поврзани со хроничен стрес и лошо семејно функционирање. Ваквите податоци оправдуваат семејно-ориентиран пристап кога се работи со пациенти со рак со цел да се превенираат психолошките последици кај децата и адолесцентите.

***Клучни зборови:*** *адолесценти, рак на дојка, депресија, анксиозност*